2019-1-UK01-KA201-062092



# FREE

## БИЛТЕН 1, ИЗДАНИЕ 1

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

WWW.PROJECTFREE.EU

***Сите човечки суштества се раѓаат СЛОБОДНИ и ЕДНАКВИ по достоинство и права. (Член 1 од Универзалната декларација за човекови права)“.***

## Да бидеме ОСЛОБОДЕНИ од дискриминација

Дискриминацијата врз основа на родот ги обликува искуствата, идентитетот и можностите на секоја индивидуа. Во училиштата, девојчињата и жените се соочуваат со широко распространета дискриминација и сексуално вознемирување, што претставува значителни импликации врз образовните искуства, аспирациите и постигнувањата на младите девојки. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (1979) вели дека дискриминацијата врз жените го крши „принципот на еднаквост на правата“ и станува „пречка за учеството на жените во еднакви услови со мажите“[1]. Секојдневното прозивање со погрдни зборови, малтретирањето и стереотипите, интимните акти на насилство од партнерот, емоционалната злоупотреба и притисокот од врсниците се акти што постојат во училиштата.

## За проектот

Добредојдовте на првиот билтен на „Ослободени од родово-базирана дискриминација: Наставници и родители заедно“. Преку стратешки партнерства и транснационална соработка, проектот се фокусира на спречување и борба против дискриминацијата или исклучувањето предизвикано од непочитување на прифатените норми во училишното општество поради родова дискриминација врз ученици во Велика Британија, Грција, Северна Македонија и Шпанија.

Како што е евидентно во многу европски студии , училиштето може да биде плодна почва за создавање и распространување на родово-базирана дискриминација и насилство. Во овој контекст, примерите на родово-базирана дискриминација вклучуваат неприфаќање од соучениците, физички напади, изолација, малтретирање и насилство. Импликацијата на ова е дека дискриминираните честопати се депресивни, страдаат од анксиозност, имаат помалку пријатели, и повисоки стапки на суицид и обиди за суицид.

Проектот има за цел да го адресира ова прашање со акцент на здружување и соработка

*1. Convention of the elimination of all forms of discrimination against women. Available at: https://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CEDAW.aspx*

меѓу наставниците, родителите и поширокаta заедница, со цел елиминирање на родово-базираната дискриминација и насилство во образовните средини.

За време на проектната имплементација, овие цели ќе бидат исполнети преку создавањето на бројни образовни алатки и иницијативи на заедницата, засновани на:

- Едукативен материјал воден од корисникот и базиран на докази кој би се користел во училницата
- Програма за градење на капацитетите на наставниците и информативен материјал за родителите
- Интернет-базиран пакет алатки со ресурси што ќе овозможат градење на капацитетите на наставниците, овозможувајќи лесен пристап до сите информации за проектот
- Организирање на информативна сесија за родители и тестирање на моделот на соработка во пракса

Главните цели на проектот вклучуваат:

- Градење на капацитетите на наставниците и подигнување на свесноста на родителите за родово-базираната дискриминација и обезбедување средства за промена на училишните култури што резултираат со дискриминација врз учениците
- Воведување иновативни методи и алатки за градење на капацитетите на наставниците и информирање на родителите за тоа како да реагираат при инцидент на родово-базирана дискриминација
- Промовирање на соработка и заеднички напори помеѓу наставниците и родителите и градење на модел на соработка, користејќи различни заеднички активности
- Намалување на психолошкото и образовното влијание на родово-базираната дискриминација врз учениците преку модерирани работилници и обука.



# Проектни новости:

Во текот на изминатата година, Меѓународниот институт IARS, Здружението Симплексис, Здружението Каминос и Субверзивен фронт, спроведоа теренски истражувања на локално ниво во Велика Британија, Грција, Шпанија и Северна Македонија. Учесниците во ова истражување се состоеја од наставници и воспитувачи од избрани училишта, и родители на ученици во основно и средно образование

**80**
**наставници / воспитувачи**

**80**
**родители**

**160**
**учесници**

Избрани учесници во секоја земја беа вклучени во 2 фокус групи каде што на родителите и наставниците им беа поставувани прашањата

- Дали мислите дека родово--базираната дискриминација или сексистичкото однесување се вообичаени појави во училиштата?
- Што мислите, која е причината за овој проблем?
- Дали вашето училиште има упатства или добри практики во врска со родово-
- базирана дискриминација или сексизам во училиштата?

Покрај ова, беше спроведено анонимно истражување преку интернет во сите 4 земји, каде што родителите и наставниците беа замолени да идентификуваат иницијативи што ќе имаат максимално влијание и што се бара од наставниците и родителите за спроведување на ваквите резултати.

### Приказ на колективните резултати од конзорциумот

Иако демографската структура на учесниците беше разновидна, меѓу партнерите во конзорциумот имаше слични трендови во однос на тоа што учесниците во сите четири земји веруваа дека би биле ефективни стратегии за интервенција во справувањето со родово-базираната дискриминација

- Едукативни алатки наменети за деца
- Програма за обучување на наставници
- Работилници со семејствата

**ИНТЕРВЕНЦИСКИ СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РОДОВО-БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА**

- Културна сензитивност
- Ефективни механизми за пријавување
- Иницијативи водени од заедницата

# Клучни датуми и следни настани на проектот

Еве неколку клучни датуми поврзани со проектот и дополнителни информации за доказите собрани од конзорциумот кои ќе бидат дисеминирани:

### НОЕ 2020 - ДЕК 2020: ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ПРОИЗВОД 1

Дизајн на водич за практики и обука што го рефлектира моделот на соработка помеѓу наставниците и родителите.

### ДЕК 2020 - ЈАН 2021: ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ПРОИЗВОД 2

Програми за градење на капацитети за наставници и информативен материјал и водич за родители.

### ЈАН 2021 - МАР 2021: ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ПРОИЗВОД 3

Развој на веб-платформа која ќе има модули за обука и материјал за обука за градење на капацитети.

### МАР 2021 - АВГ 2021: ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ПРОИЗВОД 4

Пилот тестирање на сите резултати во полето. Ова вклучува испорака на програми за градење на капацитети и пилотирање на ресурси во работилници.

## Контакт

**За какви било информации, ве молиме контактирајте го координаторот на проектот: contact@iars.org.uk**

**Следете нè за претстојните работилници, онлајн настани, конференции.**

**Заследете нè и на сите социјални медиуми!**

Поддршката на Европската комисија за производство на оваа публикација не претставува одобрување на содржината што ги рефлектира ставовите само на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба што може да се направи од информациите содржани во нив.